**20252424699**

## АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

Врз основа на член 79-б став (4) од Законот за безбедност на храната (*) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/14, 72/15, 129/15, 213/15, 39/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 209/23), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА РЕГИСТАРОТ НА ЛАБОРАТОРИИ, НАЧИНОТ НА НЕГОВОТО ВОДЕЊЕ, КАКО И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА УПИС ВО РЕГИСТАРОТ НА ЛАБОРАТОРИИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат формата и содржината на Регистарот на лаборатории, начинот на неговото водење, како и формата и содржината на барањето за упис во Регистарот на лаборатории.

Член 2

(1) Изразите дефинирани во Законот за безбедност на храната (*1), Законот за нуспроизводи од животинско потекло (*2), Законот за ветеринарно здравство, Законот за заштита и благосостојба на животните и во прописите донесени врз основа на овие закони, се применуваат и во овој правилник, доколку со овој правилник не е поинаку уредено.

(2) Одделни изрази употребени во овој правилник го имаат следното значење:

1) „Регистар на лаборатории” е база на податоци со сите информации потребни за лабораториите кои вршат лабараториски испитувања и анализи на примероци земени од областа на безбедност на храна и храна за животни, ветеринарно јавно здравство и здравствената заштита на животните и

2) „Акредитирани методи” се валидирани лабораториски процедури за тестирање кои се формално признати од соодветно акредитациско тело дека ги задоволуваат барањата за компетентност и се соодветни за намената.

Член 3

За упис во Регистарот на лаборатории се доставува барање на хартија во бела боја, во А4 формат.

Формата и содржината на барањето од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог 1, кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Регистарот на лаборатории се води во писмена форма, во А-4 формат на хартија во бела боја, со страни кои се нумерирани и меѓусебно поврзани, како и во електронска форма.

Формата и содржината на Регистарот од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог 2, кој е составен дел на овој правилник.

Член 5

Лабораториите кои ги исполнуваат условите од член 79-б став (2) од Законот за безбедност на храната (*1), во рок од 14 дена од денот на поднесувањето на документите кои го докажуваат истото се внесуваат во Регистарот на лаборатории од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство и се информираат во електронска или писмена форма дека се внесени во Регистарот и за редниот број што го добиваат.

Член 6

Лабораториите ја информираат Агенцијата за храна и ветеринарство за настанати промени кои може да влијаат на податоците во Регистарот на лаборатории во рок од 30 дена од денот на настанувањето на промената по писмен или електронски пат.

Член 7

Лабораторијата може да биде избришана од Регистарот на лаборатории на предлог на Комисија формирана од страна на директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство за спроведување аудит и контроли на исполнетоста на условите на лабораториите, ако се утврди некоја од неправилностите наведени во член 79-д став (2) од Законот за безбедност на храната (*1).

Член 8

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 02-4020/1
26 ноември 2025 година
Скопје

Агенција за храна
и ветеринарство
Директор,
д-р **Оливер Миланов,** с.р.

Прилог 1

До Агенција за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија

Барање за упис во Регистарот на лабораториии

| | | |
|---|---|---|
| 1. Назив на правното лице – лабораторија: | | |
| 2. Седиште на правното лице - лабораторија: | | |
| Телефон: | Веб страна: | |
| 3. Единствен даночен број на правното лице: | | |
| 4. Одговорно лице во правното лице: | | |
| Име и презиме: | Матичен број: | |
| Телефон: | e-mail: | |
| 5. Акредитирани методи и лабораториски испитувања кои ќе се вршат: | | |
| Датум _____________година<br>Место _____________ | М.П. | Потпис на одговорно лице |

Прилог 2

РЕГИСТАР НА ЛАБОРАТОРИИ

| Реден број | Назив на лабораторијата | Назив на правното лице носител на акредитацијата | Број на сертификат | Датум кога прв пат била акредитирана лабораторијата | Датум на важност на последната акредитација на лабораторијата | Адреса на лабораторијата | Контакт лице на лабораторијата |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |

(*[1]) Законот за безбедност на храната е усогласен со Регулативата (ЕУ) 2017/625 на Европскиот Парламент и на Советот од 15 март 2017 година за службени контроли и други официјални дејствија спроведени со цел да се гарантира примената на законодавството во областа на храна и храна за животни, правилата за здравје и благосостојбата на животните, здравјето на растенијата и производите за заштита на растенијата, за изменување на Регулативите на Советот (ЕЗ) бр. 999/2001, (ЕЗ) бр. 396/2005, (ЕЗ) бр. 1069/2009, (ЕЗ) бр. 1107/2009, (ЕУ) бр.1151/2012, (ЕУ) бр. 652/2014, (ЕУ) бр. 2016/429 и (ЕУ) бр. 2016/2031 на Европскиот парламент и на Советот, Регулативите (ЕЗ) бр. 1/2005 и (ЕЗ) бр. 1099/2009 и Директивите 98/58/ЕЗ, 1999/74/ЕЗ, 2007/43/ЕЗ, 2008/119/ЕЗ и 2008/120/ЕЗ и укинување на Регулативите на Европскиот парламент и на Советот (ЕЗ) бр. 854/2004 и (ЕЗ) бр. 882/2004, Директивите на Советот 89/608/ЕЕЗ, 89/662/ЕЕЗ, 90/425/ЕЕЗ, 91/496/ЕЕЗ, 96/23/ЕЗ, 96/93/ЕЗ и 97/78/ЕЗ и Одлуката на Советот 92/438/ЕЕЗ (CELEX број 32017R0625).

(*[2]) Законот за нуспроизводи од животинско потекло е усогласен со Регулативата (ЕУ) бр. 142/2011 на Комисијата од 25 февруари 2011 година за спроведување на Регулатива (ЕЗ) бр. 1069/2009 на Европскиот парламент и на Советот за утврдување на здравствените правила во однос на нуспроизводи од животинско потекло и добиени производи од нив кои не се наменети за исхрана на луѓето и за спроведување на Директива 97/78/ЕЗ на Советот во однос на одредени примероци и предмети кои се иземени од гранични ветеринарни проверки (CELEX бр.2011R0142), Регулативата (ЕЗ) бр. 1069/2009 на Европскиот парламент и на Советот од 21 октомври 2009 година за утврдување на здравствени правила за нуспроизводи од животинско потекло и изведени производи кои не се наменети за исхрана на луѓето и за укинување на Регулативата (ЕЗ) бр. 1774/2002 (CELEX бр.20109R1069) и Регулативата (ЕЗ) бр. 999/2001 на Европскиот парламент и на Советот од 22 мај 2001 година за правилата за превенција, контрола и ерадикација на одредени трансмисивни спонгиформни енцефалопатии (CELEX бр.2001R0999).